# ПАЗАР НА ТРУД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВО ЗЕМЈИТЕ ВО РЕГИОНОТ

## КОМПАРАТИВЕН ИНФОРМАТОР

WESTMINSTER
FOUNDATION FOR
DEMOCRACY

**Проект:**
“Поддршка за македонската парламентарна реформа”

**Имплементатор:**
Фондација за демократија на Вестминстер (Македонија)

**Автори:**
Петар Трајков

**Јануари, 2018**

Funded by
UK Government

Овој производ е подготвен во рамките на проектот “Поддршка на македонската парламентарна реформа“ финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

WESTMINSTER FOUNDATION FOR DEMOCRACY

# ПАЗАР НА ТРУД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВО ЗЕМЈИТЕ ВО РЕГИОНОТ

## КОМПАРАТИВЕН ИНФОРМАТОР

Скопје, јануари 2018 година

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........................................ **5**

**1. АКТИВНОСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО** ........................................ **5**

1.1. СПОРЕДБА НА РАБОТНАТА СИЛА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СО ЗЕМЈИТЕ ВО РЕГИОНОТ ........................................ 11

**2. ПЛАТИ** ........................................ **12**

2.1. ПРОСЕЧНИ НЕТО И БРУТО ПЛАТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОД 2010 ДО ДЕНЕС (ИЗНОС И ГОДИШНА СТАПКА НА ПРОМЕНА) ........................................ 12

2.2. СПОРЕДБА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗЕМЈИТЕ ВО РЕГИОНОТ ........................................ 15

**ЛИСТА НА ИЗВОРИ** ........................................ **18**

# ВОВЕД

Предмет на овој информатор е квантитативен преглед на основните социјални индикатори од областа на пазарот на труд во Република Македонија, споредено со дел од земјите во регионот. Индикаторите кои се прикажуваат во оваа истражувачка работа се:

1. **Активност на населението**, каде се претставени податоци за работоспособно население според економска активност, пол и школска подготовка, како и стапка на вработеност и невработеност и
2. **Плати**, во кој индикатотор се обработени податоци за просечните нето и бруто плати. Податоците користени во квантитативниот преглед се преземени од официјалните извештаи, соопштенија и билтени на Државниот завод за статистика на Република Македонија и на соодветните институции од државите чии податоци се предмет на споредба, потоа Народната банка на Република Македонија, Министерството за финансии на Македонија и Меѓународниот монетарен фонд . Компаративниот информатор исто така содржи и сопствени пресметки на авторот.[1]

# 1. АКТИВНОСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО

При разгледување на индикаторите за активноста на населението, потребно е да се дадат одредени дефиниции кои ќе ни помогнат за нивно полесно разбирање. Најпрво **работоспособното население** го сочинуваат сите лица на возраст од 15 до 79 години, додека економски **активното население** го сочинуваат вработените и невработените[2] (работна сила). Главни показатели за следење на промените кај работната сила се:

- **Стапката на активност** како учество на работната сила во работоспособното население на возраст од 15 години и повеќе;
- **Стапката на вработеност** како учество на вработените во работоспособното население на возраст од 15 години и повеќе
- **Стапката на невработеност** како учество на бројот на невработените во вкупната работна сила.

Вака дадените дефиниции за работната сила се однесуваат и на останатите држави при компаративната анализа.

[1] Официјалната интернетска страница на Државниот завод за статистика на Република Македонија; пристапено на 04.12.2017 год. http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=98

[2] **Вработени** се лицата на возраст од 15 до 79 години кои: за време на извештајната недела работеле за пари (во готово или во натура) или профит, најмалку 1 час; - за време на извештајната недела привремено (т.е. поради болест, отсуство, студии, прекин на активноста на деловниот субјект итн.) биле отсутни од работното место, но формално биле вработени; - помагале на семејниот имот или во семејното претпријатие без плата.
**Невработени** - се лицата кои ги исполнуваат следните три услови: за време на извештајната недела не работеле (според горенаведените критериуми); - активно барале работа, т.е. преземале конкретна активност за наоѓање работа; - биле подготвени да прифатат работа во следните две недели по извештајната недела.

Табела 1: Активно население, и стапка на активност во Република Македонија[3]

| | Работоспособно население | Активно население | | | Стапки на активност | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Вработени | Невработени | Стапка на активност | Стапка на вработеност | Стапка на невработеност |
| 2010 | 1,648,522 | 938,294 | 637,855 | 300,439 | 56.9 | 38.7 | 32.0 |
| 2011 | 1,656,215 | 940,048 | 645,085 | 294,963 | 56.8 | 38.9 | 31.4 |
| 2012 | 1,669,965 | 943,056 | 650,554 | 292,502 | 56.5 | 39.0 | 31.0 |
| 2013 | 1,672,460 | 956,057 | 678,838 | 277,219 | 57.2 | 40.6 | 29.0 |
| 2014 | 1,673,494 | 958,998 | 690,188 | 268,810 | 57.3 | 41.2 | 28.0 |
| 2015 | 1,676,659 | 954,924 | 705,991 | 248,933 | 57.0 | 42.1 | 26.1 |
| 2016 | 1,678,890 | 948,599 | 723,550 | 225,049 | 56.5 | 43.1 | 23.7 |
| 2017 К-1 | 1,679,462 | 952,644 | 734,043 | 218,601 | 56.7 | 43.7 | 22.9 |
| 2017 К-2 | 1,679,525 | 955,699 | 739,892 | 215,807 | 56.9 | 44.1 | 22.6 |




Графикон 1: Активно население, и стапка на активност во % во Република Македонија

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Од прикажаните податоци забележлив е тренд на постојан пораст на стапката на вработеност, која во 2010 година изнесувала 38.7%, за да во вториот квартал на 2017 година се искачи на 44.1% и е највисока стапка на вработеност во анализираниот период. Од друга страна, стапката на невработеност бележи постојан пад за време на анализираниот период и **истата во 2010 година била највисока и изнесувала 32%, а во вториот квартал од 2017 година достигна најниско ниво од 22.6%**, што е за скоро 10% намалување во однос на 2010 година. Стапката на активност за време на целиот анализиран период се движи околу 57%.

Главни причинители за ваквата состојба со намалувањето на невработеноста се спомнуваат активните политики преземени од страна на Владата на Република Македонија во анализираниот период, а тоа пред се е привлекувањето на странските инвестиции и отварањето на работни места, но секако и методолошкиот пристап на Државниот завод за статистика, кој што како вработени ги смета и лицата кои во извештајната недела работеле најмалку еден час, потоа бришењето од листата на невработени за корисниците на субвенции, кои согласно законските измени се обврзани да платат и придонеси. Воедно, дел од експртите го посочуваат и иселувањето на младите како една од причините за ваквиот пад на невработеноста.[4]

[3] Официјалната страна на државниот завод за статистика на Република Македонија и Министерство за финансии на Република Македонија
[4] Радио Слободна Европа; Статистичка гимнастика со невработеноста, септември 2015 година. https://www.slobodnaevropa.mk/a/27253503.html

Табела 2: Активно население според полот и школската подготовка втор квартал 2017 во однос на 2016[5]

| Активно население според школската подготовка | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Школска подготовка | Активно население | | | | Вработени | | | | Невработени | | | |
| | II 2016 | II 2016 | II 2017 | II 2017 | II 2016 | II 2016 | II 2017 | II 2017 | II 2016 | II 2016 | II 2017 | II 2017 |
| Вкупно | 948,377 | 100% | 955,699 | 100% | 720,674 | 100% | 739,892 | 100% | 227,702 | 100% | 215,807 | 100% |
| Основно образование | 181,293 | 19% | 158,569 | 17% | 123,520 | 17% | 117,744 | 16% | 57,773 | 25% | 40,824 | 19% |
| 4 години средно образование | 427,471 | 45% | 468,363 | 49% | 327,931 | 46% | 354,960 | 48% | 99,540 | 44% | 113,403 | 53% |
| Високо образование | 216,614 | 23% | 225,535 | 24% | 170,947 | 24% | 181,670 | 25% | 45,667 | 20% | 43,865 | 20% |
| Вкупно Мажи | 587,825 | 62% | 583,795 | 61% | 443,920 | 62% | 450,028 | 61% | 143,905 | 63% | 133,766 | 62% |
| Основно образование | 127,823 | 13% | 108,146 | 11% | 84,195 | 12% | 75,593 | 10% | 43,629 | 19% | 32,552 | 15% |
| 4 години средно образование | 275,868 | 29% | 300,169 | 31% | 211,144 | 29% | 226,452 | 31% | 64,724 | 28% | 73,717 | 34% |
| Високо образование | 104,432 | 11% | 105,871 | 11% | 84,188 | 12% | 90,635 | 12% | 20,244 | 9% | 15,236 | 7% |
| Вкупно Жени | 360,552 | 38% | 371,904 | 39% | 276,755 | 38% | 289,864 | 39% | 83,797 | 37% | 82,041 | 38% |
| Основно образование | 53,469 | 6% | 50,423 | 5% | 39,325 | 5% | 42,151 | 6% | 14,144 | 6% | 8,272 | 4% |
| 4 години средно образование | 151,602 | 16% | 168,194 | 18% | 116,787 | 16% | 128,508 | 17% | 34,815 | 15% | 39,686 | 18% |
| Високо образование | 112,182 | 12% | 119,665 | 13% | 86,759 | 12% | 91,036 | 12% | 25,423 | 11% | 28,629 | 13% |




Графикон 2: Активно население, вкупно и по пол, втор квартал 2017 во однос на 2016

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

[5] Официјалната интернетска страница на Државниот завод за статистика на Република Македонија; Анкета за работна сила во република Македонија 2 квартал 2017 година пристапено на 04.12.2017 год. http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=98




Графикон 3: Активно население, вкупно и по пол, втор квартал 2017 во %

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Она што е индикативно да се забележи во прикажаните графикони, е дека бројот на **активни работоспособни мажи е многу поголем од работоспособни активни жени, и изнесува 61%, а кај жените изнесува 39%**. Слична е состојбата и со стапката на вработеност, односно невработеност, кои се движат околу 60% кај мажите, т.е. околу 40% кај жените. Ситуацијата е комплетно различна кога станува збор за **неактивното население**, кое не е вклучено во работната сила, **и тука, мажите учествуваат со 35%, додека жените со 65%**, што се должи пред се поради семејните обврски и домашната работа, во кои е вклучена жената т.е. традиционалните вредности во општеството.[6]




Графикон 4: Активно население, според школска подготовка, и по пол 2017 во однос на 2016

[6] Никица Мојсоска-Блажевски и Државен завод за статистика на Македонија, International labor Organization, Премин на младите жени и мажи на пазарот на трудот во поранешната југословенска Република Македонија; јуни 2016 , стр. 30
http://embargo.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_emp/documents/publication/wcms_524997.pdf




Графикон 5: Активно население според школската подготовка
и по пол II квартал 2017/2016 (промена во %)




Графикон 6: Активно население според школската подготовка
II квартал 2016, во однос на  II квартал за 2017
Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија




Графикон 7. Активното население според школска подготовка 2017

Што се однесува до активноста на  населението според школска подготовка, евидентно е дека во вкупната работна сила, **најголемо е учеството на лицата со завршено средно образование (3 и 4 години), со преку 54%**, потоа следат лицата со **високо образование со 23% и лицата со основно образование со 19%**. Скоро иста е процентуалната застапеност и кај вработеноста според школска подготовка, додека **кај невработеноста, таа  е најголема кај лицата со завршено средно образование (3 и 4 години) и изнесува околу 60%**, додека кај лицата со завршено основно образование и високо образование таа достигнува **до 20%**.

# 1.1. СПОРЕДБА НА РАБОТНАТА СИЛА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗЕМЈИТЕ ВО РЕГИОНОТ

Табела 3: Работна сила вкупно и по пол за II квартал 2017 година – Регионален пристап[7]

| Држава | | Работоспособно население | Активно население (работна сила) | Стапка на активност | Вработени | Стапка на вработени | Невработени | Стапка на невработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонија | Вкупно | 1,679,525 | 948,377 | 56% | 739,892 | 44% | 215,807 | 23% |
| | Мажи | 840,595 | 587,825 | 70% | 450,028 | 54% | 133,766 | 23% |
| | Жени | 838,930 | 360,552 | 43% | 289,864 | 35% | 82,041 | 23% |
| Албанија* | Вкупно | 2,362,396 | 1,380,764 | 58% | 1,189,231 | 50% | 191,533 | 14% |
| | Мажи | | | 67% | | 57% | | 15% |
| | Жени | | | 50% | | 43% | | 13% |
| Србија* | Вкупно | 5,988,200 | 3,265,000 | 55% | 2,881,000 | 48% | 384,100 | 12% |
| | Мажи | | | 63% | | 56% | | 11% |
| | Жени | | | 47% | | 41% | | 13% |
| Црна Гора | Вкупно | 499,635 | 273,800 | 55% | 230,800 | 46% | 41,300 | 15% |
| | Мажи | 244,071 | 152,300 | 62% | 130,000 | 53% | 22,300 | 15% |
| | Жени | 255,789 | 121,500 | 48% | 102,500 | 40% | 19,000 | 16% |
| Хрватска | Вкупно | 3,548,471 | 1,834,000 | 52% | 1,633,000 | 46% | 201,000 | 11% |
| | Мажи | 1,691,471 | 992,000 | 59% | 890,000 | 53% | 102,000 | 10% |
| | Жени | 1,857,000 | 843,000 | 45% | 743,000 | 40% | 100,000 | 12% |
| Бугарија | Вкупно | 6,076,054 | 3,385,600 | 56% | 3,171,700 | 52% | 213,900 | 6% |
| | Мажи | 2,820,660 | 1,805,300 | 62% | 1,624,700 | 58% | 123,900 | 7% |
| | Жени | 3,157,627 | 1,580,400 | 50% | 1,490,400 | 47% | 90,000 | 6% |
| Грција | Вкупно | 7,235,511 | 4,807,979 | 52% | 3,791,408 | 52% | 1,016,571 | 21% |
| | Мажи | 3,646,333 | 2,657,300 | 60% | 2,187,800 | 60% | 469,500 | 18% |
| | Жени | 3,547,788 | 2,150,700 | 45% | 1,603,600 | 45% | 547,100 | 25% |




Графикон 8: Работна сила вкупно – Регионален пристап

Извор: националните статистички институции на земјите

[7] Соопшенија од областа на пазарот на труд на националните статистички институции на анализираните земји http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=41 *Во официјалните соопштенија не се обработуваат сите инфо.

Од прикажаните податоци во графиконот може да се види дека стапката на активност во сите држави се движи од 52% до 58%. Најниска стапка на активност е забележана **во Грција и во Хрватска, каде работната сила учествува со 52% од вкупното работоспособно население**, додека **највисока стапка на активност има во Албанија во износ од 58%. Стапката на вработеност е најниска во Република Македонија и изнесува 44%**, по што следат Црна Гора и Хрватска со 46% стапка на вработеност, па Србија со 48%, Албанија со 50%, и **Бугарија и Грција со највисока стапка на вработеност од 52%. Највисока стапката на невработеност е забележана во Република Македонија во износ 23%**, по што следи Грција со 21%. Во останатите држави стапката на невработеност се движи под 20%, и тоа во Црна Гора 15%, Албанија 14%, Србија 12%, Хрватска 11%, и **Бугарија со најниска стапка на неврабоеност од 6%**.

# 2. ПЛАТИ

## 2.1. ПРОСЕЧНИ НЕТО И БРУТО ПЛАТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД 2010 ДО ДЕНЕС (ИЗНОС И ГОДИШНА СТАПКА НА ПРОМЕНА)

Поимот плата, од економски аспект претставува дел од вкупното производство, кое се враќа на вработените како цена на трудот, за разлика од надоместокот стекнат од капитал кој претставува капитален приход. Просечната плата е мерка со која што се изразува финансиската состојба на жителите на одредена земја.[8]

Согласно методологијата на Народна банка на Република Македонија, податоците за исплатените нето и бруто плати по вработен, базираат на месечни извештаи од деловните субјекти во приватна и друга (општествена, државна, задружна и мешовита) сопственост со различни дејности во Република Македонија, согласно податоците изготвени од Државниот завод за статистика на Република Македонија.

„Вкупно исплатените бруто-плати опфаќаат: исплатени нето-плати за извештајниот месец, платен персонален данок и платени придонеси за: пензиско и инвалидско осигурување, за здравствено осигурување, за вработување, за професионално заболување. Вкупно исплатените нето-плати опфаќаат: исплатени нето-плати за извештајниот месец за работа во полно работно време, покусо од полното и подолго од полното работно време (прекувремена работа), надоместоци на нето-платата од средствата на деловниот субјект за годишен одмор, државни празници, платено отсуство до седум дена, платено отсуство за стручно образование, за боледување до 21 ден и сл., надоместоци на нето-платата на товар на други работодавци за време поминато на вежба по покана на надлежен државен орган, цивилна заштита и сл.“[9]

---

[8] Извор: Официјалната интернетска страница на Европската Комисија - Евростат; пристапено на 01.10.2015
http://epp.eurostat.ec.europa.eu/statistics_explained/index.php/Wages_and_labour_costs

[9] Официјалната интернетска страна на Државениот завод за статистика на Република Македонија, пристапено на 02.10.2015
http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=41&rbrObl=14

Табела 4: Просечни бруто и нето плати во Република Македонија во период од 2010 до денес

| | Бруто плата | | | Нето плата | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Просечна (во денари) | Номинална промена | Реална промена* | Просечна (во денари) | Номинална промена | Реална промена* |
| 2010 | 30,225 | 1.0 | -0.6 | 20,553 | 3.0 | 1.4 |
| 2011 | 30,602 | 1.2 | -2.6 | 20,847 | 1.4 | -2.4 |
| 2012 | 30,669 | 0.2 | -3.0 | 20,902 | 0.3 | -2.9 |
| 2013 | 31,025 | 1.2 | -1.6 | 21,145 | 1.2 | -1.6 |
| 2014 | 31,325 | 1.0 | 1.3 | 21,394 | 1.2 | 1.5 |
| 2015 | 32,173 | 2.7 | 3.0 | 21,906 | 2.4 | 2.7 |
| 2016 | 32,822 | 2.0 | 2.2 | 22,342 | 2.0 | 2.2 |
| 2017 К-1 | 33,104 | 2.3 | 1.8 | 22,514 | 2.2 | 1.7 |
| 2017 К-2 | 33,481 | 2.3 | 1.0 | 22,789 | 2.2 | 1.0 |
| I 2017 | 33,441 | 2.4 | 1.8 | 22,750 | 2.2 | 1.6 |
| II | 32,869 | 2.5 | 2.3 | 22,347 | 2.4 | 2.2 |
| III | 32,999 | 1.9 | 1.3 | 22,445 | 1.8 | 1.2 |
| IV | 33,296 | 1.5 | 0.5 | 22,672 | 1.4 | 0.4 |
| V | 33,640 | 2.6 | 1.4 | 22,889 | 2.5 | 1.3 |
| VI | 33,509 | 2.7 | 1.2 | 22,808 | 2.8 | 1.3 |
| VII | 33,328 | 1.5 | 0.3 | 22,671 | 1.5 | 0.3 |
| VIII | 33,675 | 2.7 | 0.8 | 22,912 | 2.8 | 0.9 |

*Реалната промена ја вклучува стапката на инфлација за тековната година




Графикон 9. Просечни бруто и нето плати во Република Македонија во период од 2010 до денес




Графикон 10. Номинална и реална промена во % на просечните бруто и нето плати
во Република Македонија во период од 2010 до денес

Од илустрираните податоци погоре може да се забележи дека постои тренд на благ пораст на бруто и нето платите во Република Македонија од 2010 до денес во апсолутен износ, така што бруто платите од 30.225 денари во 2010, се искачија на 33.481 во вториот квартал во 2017, а нето вредноста на платите од 20.553 во 2010 порасна на 22.789 денари во 2 квартал на 2017 година. Од друга страна **реалната промена не секогаш е позитивна**, особено тоа е изразено во периодот од 2011 до 2013, за време на светската економска криза, кога реалната промена на бруто платите паднала и до -3.0 % во 2012 година , додека за истата година реалната промена на нето платите била -2.9%.

## 2.2. СПОРЕДБА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗЕМЈИТЕ ВО РЕГИОНОТ

Табела 5: Просечни бруто и нето плати во Република Македонија и во државите во регионот

| Држава | Минимални бруто плати - (EUR[10] месечно) п2 | Бруто плати во национална валута | Нето плати во национална валута | Бруто плати во EUR | Нето плати во EUR | Минимални бруто плати EUR / бруто плати EUR | Минимални бруто плати EUR / нето плати EUR |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Албанија*** | 163 | 45,845 ALL | 38,650 ALL | 343 | 290 | 47% | 56% |
| Бугарија*** | 235 | 1,064 BGN | 830 BGN | 544 | 424 | 43% | 55% |
| Македонија* | 240 | 34,127 MKD | 23,229 MKD | 555 | 378 | 43% | 64% |
| Србија* | 248 | 66,438 RSD | 48,212 RSD | 555 | 403 | 45% | 62% |
| Црна Гора* | 288 | 767 EUR | 511 EUR | 767 | 511 | 38% | 56% |
| Грција** | 683 | 1,092 EUR | 917 EUR | 1,092 | 917 | 63% | 74% |
| Хрватска* | 433 | 7,989 HRK | 5,958 HRK | 1,059 | 790 | 41% | 55% |

*Податоците за просечните нето/бруто плати за овие земји се за септември 2017 година
**Податоците за просечните нето/бруто плати за овие земји се за април 2017 година
***Податоците за просечните нето/бруто плати за овие земји се однесуваат за 2016 година
****Пресметаните податоци се приближни поради одредени методолошки разлики и поради разликите во девизните курсеви на денот на пресметката
Нето платите за Бугарија, Грција и Албанија се сопствена пресметка на авторот
п1 - Податоците за минималната бруто плата за овие земји се однесуваат за првото полугодие од 2017 година




Графикон 11: Бруто и нето плати во Република Македонија и во државите во регионот во Евра
Извор: националните статистички институции на земјите

[10] Официјалната интернетска страна на Евростат
http://appsso.eurostat.ec.europa.eu/nui/show.do?dataset=earn_mw_cur&lang=en

Меѓународната трудова организација (**International Labor Organization**) го дефинира терминот минимална плата како: „минималната сума која се плаќа на работникот за сработената работа или дадената услуга за одреден период, пресметани врз временска основа или врз аутпут. Минималната плата е гарантирана со закон и е определена на начин да ги покрие минималните потреби на работникот и неговата или нејзината фамилија, во однос на националните економски и социјални услови“[11].

Според извештајот на Евростат за првото полугодие на 2017 година кој се однесува на минималните бруто плати во анализираните земји, заблежливо е дека во **Албанија има најниска минимална бруто плата и истата изнесува 163 евра**, додека во **Грција минималната бруто плата е најголема од анализираните земји и изнесува 683 евра месечно**. Слична е состојбата и со просечната месечна бруто плата, која што е најниска во **Албанија и изнесува 343 евра месечно, додека во Грција е највисока и изнесува 1092 евра** месечно. Веднаш после Грција следи Хрватска со 1059 евра просечна месечна бруто плата, па Црна Гора со 767 евра, по што следат Србија и Македонија со просечна бруто плата од 555 евра, и Бугарија со 544 евра. **Најголема просечна месечна нето плата се испаќа во Грција, во износ од 917 евра, а најниска во Албанија, во износ од 290 евра**.

Табела 6: Вработени лица и просечни бруто плати во ЕУР по секотри на дејност[12] во Република Македонија и во државите во регионот

| Држава | Вработени во земјоделство | % од вкупно | Просечни бруто плати во земјоделство (ЕУР) | Вработени во индустрија | % од вкупно | Просечни бруто плати во индустрија (ЕУР) | Вработени во услужни дејности | % од вкупно | Просечни бруто плати во услужна дејност (ЕУР) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Албанија* | | | 248 | | | 346 | | | 391 |
| Македонија | 120,304 | 16 | 440 | 226,132 | 31 | 604 | 393,456 | 53 | 624 |
| Србија** | 34,000 | 2 | 499 | 605,000 | 30,2 | 666 | 1,367,000 | 68 | 607 |
| Црна Гора | 18,300 | 7,9 | 819 | 41,400 | 17,8 | 819 | 172,800 | 74,3 | 799 |
| Грција | 457,000 | 12 | | 581,000 | 15 | | 2,753,333 | 73 | |
| Хрватска | 111,000 | 6,8 | 908 | 434,000 | 26,6 | 1159 | 1,085 | 66,5 | 1,120 |

Податоците за вработени се за II квартал од 2017
*Податоците за плата се за септември 2017 година
**Податоците се однесуваат на 2016 година

[11] Системи на минимална плата, Меѓународна конференција за трудот, 103та сесија, 2014 година, стр. 50, http://www.ilo.org/public/libdoc/ilo/P/09661/09661(2014-103-1B).pdf

[12] Националната класификација на дејностите - НКД Рев.2 е класификација на економските дејности во Република Македонија која се користи за прибирање, обработка и публикување на статистички податоци, како и за анализа и насочување на општествениот и економскиот развој и неговите структурни промени. Исто така, Класификацијата се користи за распределување на деловните субјекти (правни и физички лица) според дејноста што ја вршат, водење на деловни регистри, како и за други административни цели. **Класификацијата на дејностите има 21 сектор, 88 оддели, 272 групи, 615 класи и 4 поткласи.** Основна цел на Класификацијата на дејностите е да обезбеди основа за споредливост на статистичките податоци на Република Македонија на европско и на светско ниво. NACE Rev.2. ( Regulation (EC) No.1893/2006




Графикон 12: Бруто плати по сектори во државите во регионот 2017 (во ЕУР)
Извор: Официјалните соопштенија на националните статистички институции




Графикон 13: Вработеност по сектори во државите во регионот во % во 2017
Извор: Официјалните соопштенија на националните статистички институции

Од достапните информации во земјите од регионот кои се однесуваат на вработени лица по сектори на дејснот, секаде е забележливо големо присуство на **вработени во услужните дејности (вкупно 15 сектори)**[13]**, и тоа во Црна Гора тоа изнесува 74%** од вкупно вработените, потоа 73% во Грција, 68% во Србија, 66% во Хрватска и најмалку вработени во услужните сектори има во Македонија, вкупно 53%. За разлика од услужните сектори, **во Македонија бројот на вработени во земјоделството е најголем од анализираните земји и изнесува 16%**, по што следи Грција со 12%, Црна Гора 8%, Хрватска со 7% и Србија со само 2% вработени во секторот земјоделство. Во **индустријата** во која

[13] Услуги на трговијата на големо и на трговијата на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли; Услуги за транспорт и складирање; Услуги за сместување и сервисни услуги со храна; Услуги за информации и комуникации; Финансиски услуги и услуги за осигурување; Услуги во врска со недвижен имот; Стручни, научни и технички услуги; Административни и помошни услуги; Услуги на јавна управа и одбрана; услуги на задолжително социјално осигурување; Услуги во образованието; Услуги на здравствена и социјална заштита; Услуги за уметност, забава и рекреација; Други услуги; Услуги на домаќинствата како работодавачи; услуги на домаќинствата кои произведуваат разновидни производи и извршуваат разновидни услуги за сопствени потреби; Услуги на екстериторијални организации и тела

што влегуваат **вкупно 5 сектори**[14], најмногу се вработени во **Македонија и тоа 31%**, потоа Србија со 30%, Хрватска 27%, Црна Гора 18% и Грција со 12% вработеност во индустријата. Што се однесува до просечните бруто плати по сектори, може да се констатира дека тие се најмали во **земјоделството** и тоа речиси во сите држави, освен во Црна Гора. Тие се движат од **248 евра во Албанија**, потоа 440 евра во Македонија, 499 евра во Србија, 819 евра во Црна Гора и **908 евра во Хрватска**. Од друга страна, просечните бруто плати во индустријата и во услужните сектори се скоро изедначени во сите држави и тие се движат од **346 евра во индустријата, односно 391 евро во услужните дејности во Албанија, до 1116 евра во индустријата, односно 1121 евро во услужните сектори во Хрватска**.

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Официјалната интернетска страна на Државениот завод за статистика на Република Македонија
   http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=41&rbrObl=14
2. Официјалната интернетска страна на Европската Комисија, Евростат
   http://appsso.eurostat.ec.europa.eu/nui/show.do?dataset=earn_mw_cur&lang=en
3. Официјалната интернетска страна на Светска банка
   http://databank.worldbank.org/data/views/variableselection/selectvariables.aspx?source=global-economic-prospects;
4. Министерство за финансии на Република Македонија
   http://www.finance.gov.mk/
5. Народна банка на Република Македонија;
   Квартален извештај на Народната банка на Република Македонија, квартал II, 2017 година
   http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-kvartalen-izvestaj-statisticki-prilog-2017.nspx
6. Официјалната интернетскастрана на ОЕЦД - OECD Economic Outlook (database)
   https://stats.oecd.org/Index.aspx?DataSetCode=RMW
7. Официјалната интернетска страница на Заводот за статистика на Црна Гора
   http://www.monstat.org/eng/page.php?id=1398&pageid=22
8. Официјалната интернетска страница на Институтот за статистика на Албанија
   http://databaza.instat.gov.al/pxweb/sq/DST/START__TP__LFS__LFSQ/
9. Официјалната интернетска страница на Републичкиот завод за статистика на Република Србија
   http://webrzs.stat.gov.rs/WebSite/Public/PageView.aspx?pKey=61
10. Официјалната интернетска страница на Републичкиот завод за статистика на Република Грција
    http://www.statistics.gr/en/statistics/-/publication/SJO01/-
11. Официјалната интернетска страница на Институтот за статистика на Бугарија
    http://www.nsi.bg/sites/default/files/files/pages/KeyInd_e/KeyInd2017-10_en.pdf
12. Меѓународната организација на трудот
    http://www.ilo.org/travail/areasofwork/wages-and-income/lang--en/index.htm
13. Официјалната интернетска страница на Заводот за статистика на Хрватска
    https://www.dzs.hr/default_e.htm
14. Официјалната интернетска страна trading economics
    https://tradingeconomics.com/


[14] Рударство и вадење на камен; Производи на преработувачката индустрија; Електрична енергија, гас, пареа и климатизација; Снабдување со вода; отстранување на отпадни води; ракување со отпад и дејности за санација на околината; Градежни објекти и градежни работи